# САВРЕМЕНА СРПСКА ФОЛКЛОРИСТИКА XIV

*Уређивачки одбор*

dr Saša Babič, Inštitut za slovensko narodopisje, Ljubljana, Slovenija

др Александра Бјелић, Педагошки факултет у Ужицу, Ужице, Србија

др Данијела Васић, Филолошки факултет Универзитета у Београду, Београд, Србија

др Варвара Е. Добровольская, Российский государственный университет имени А. Н. Косыгина, Москва, Россия

др Марија Думнић Вилотијевић, Музиколошки институт САНУ, Београд, Србија

dr Davide Ermacora, Università degli Studi di Torino, Univerzitet u Torinu, Torino, Italia

др Љиљана Костић, Педагошки факултет у Ужицу, Ужице, Србија

dr Jaroslav Otčenášek, Etnologický ústav Akademie věd České republiky, Praha, Česka

др Јеленка Пандуревић, Филолошки факултет, Бања Лука, Република Српска

др Ноел Путник, Етнографски институт САНУ, Београд, Србија

др Немања Радуловић, Филолошки факултет Универзитета у Београду, Београд, Србија

др Лада Стевановић, Етнографски институт САНУ, Београд, Србија

др Лидија Стојановиќ Лафазановска, Институт за фолклор „Марко Цепенков”, Скопје, Македонија

др Светослава Тончева, Институт за етнология и фолклористика БАН, София, България

*Рецензенти*

др Ивица Баковић, др Смиљана Ђорђевић Белић, др Софија Биланџија, др Лидија Делић, др Бојан Жикић, др Мирјана Закић, др Невен Исаиловић, др Јована Јовановић, др Јасмина Јокић, др Немања Каровић, др Александра Корда Петровић, др Горан Максимовић, др Александра Матић, др Маријана Митрић, др Љиљана Пешикан Љуштановић, др Данијела Поповић, др Биљана Сикимић, др Веселка Тончева

*На корицама*

Амблем Удружења фолклориста Србије; детаљи са српске народне ношње, фотографије у власништву Етно-парка „Терзића авлија” и сумерска представа, извор Википедија

*Штампање Зборника помогло Министарство науке, технолошког развоја и иновација Републике Србије

# САВРЕМЕНА СРПСКА ФОЛКЛОРИСТИКА
# XIV

Тематски зборник радова

*Уредници*

др Александра Бјелић
др Немања Радуловић

Удружење фолклориста Србије, Београд
Универзитетска библиотека „Светозар Марковић”, Београд
Педагошки факултет у Ужицу Универзитета у Крагујевцу, Ужице

Београд – Ужице 2025

# САДРЖАЈ

Уводна реч ........................................................................................ 7

## I
## ИЗВОРИ ФОЛКЛОРИСТИЧКИХ ИСТРАЖИВАЊА: ТЕРЕНСКИ, АРХИВСКИ, ДИГИТАЛНИ, АЛТЕРНАТИВНИ...

Бојана Максимовић
ЕДЕ КАО ИЗВОРИ ИЗУЧАВАЊА СТАРОНОРДИЈСКЕ КЊИЖЕВНОСТИ ........................................................ 13

Немања Радуловић
НАРОДНИ ПРОРОЦИ И КЊИГЕ ЗА НАРОД ........................................ 31

Весна Петреска
АРХИВСКИТЕ И ТЕРЕНСКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА КАКО ИЗВОРИ ЗА ПРОМОЦИЈА И ЗАШТИТА НА НЕМАТЕРИЈАЛНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ........................................ 53

Данка Лајић Михајловић
КОМЕРЦИЈАЛНЕ ГРАМОФОНСКЕ ПЛОЧЕ КАО ИЗВОРИ У ЕТНОМУЗИКОЛОШКИМ ИСТРАЖИВАЊИМА СРПСКЕ МУЗИКЕ .......... 65

Веселка Тончева
ИЗВОРИ ЗА ЕТНОМУЗИКОЛОЖКИ ИЗСЛЕДВАНИЯ: ПЪРВИТЕ ПУБЛИКАЦИИ НА ПЕСНИ С НОТНИ ТЕКСТОВЕ В БЪЛГАРИЯ ОТ ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XIX ВЕК ........................................ 89

## II
## ФОЛКЛОР УЖИЧКОГ КРАЈА

Саша Кнежевић
ФОЛКЛОРНА ОРНАМЕНТИКА ПОЕЗИЈЕ СЛОБОДАНА РИСТОВИЋА ........................................ 117

Данијела Василијевић, Жана Бојовић
НАРОДНА НОШЊА УЖИЧКОГ КРАЈА – ИДЕНТИТЕТСКА САМОСПОЗНАЈА МЛАДИХ ........................................ 131

Марина Младеновић
ЗБИРКА НАРОДНИХ ПРИПОВЕДАКА ВИДА ЖУЊИЋА ........................ 155

Миломир Максимовић
ЖУПАН НИКОЛА АЛТОМАНОВИЋ У КУЛТУРИ СЕЋАЊА СТАНОВНИКА УЖИЧКОГ КРАЈА ........ 169

Александра Прокић
ТАМБУРАШКА ПРАКСА У УЖИЦУ И ОКОЛИНИ – ИСТОРИОГРАФСКИ ОСВРТ ........ 183

Драгана Цвијовић, Јована Шћеповић
ЕКСПРЕСИВНА ЛЕКСИКА КОЈОМ СЕ ИМЕНУЈЕ ЧОВЕК У *РЕЧНИКУ УЖИЧКОГ ГОВОРА* РАТОМИРА ЦВИЈЕТИЋА ........ 205

## III
## САВРЕМЕНА ФОЛКЛОРИСТИКА

Александра Бјелић
ПОЛЕМИКА У ВЕЗИ СА АУТЕНТИЧНОШЋУ АНТОЛОГИЈЕ *ОДАБРАНЕ НАРОДНЕ ПРИПОВЕТКЕ* МИЛОРАДА ПАНИЋА-СУРЕПА И ВОЈИСЛАВА М. ЈОВАНОВИЋА ........ 223

Миливој Бајшански
*ЖЕНИДБА ДУШАНОВА*: ВАРИЈАНТЕ ........ 237

Jaroslav Otčenášek
ČESKÝ ZÁJEM O SRBSKÝ FOLKLOR PO ROCE 1945 V PŘEKLADECH ........ 259

Данијела Васић
СУСРЕТИ ИСТОКА И ЗАПАДА У СВЕТЛУ ФОРМИРАЊА ЈАПАНСКЕ ФОЛКЛОРИСТИКЕ ........ 269

Данијела Лекић
ЕПИТЕТ СРПСКЕ И СТАРОЕНГЛЕСКЕ ЕПИКЕ И ТЕОРИЈА УСМЕНЕ ФОРМУЛАТИВНОСТИ ........ 287

Ана Витанова-Рингачева
МАКЕДОНСКИТЕ РУСАЛИИ ДЕНЕС – РЕЛИКТ НА ДРЕВНИТЕ РИТУАЛНИ ИГРИ ........ 305

Драган Цицварић
МИТОЛОШКА ОСНОВА СРПСКИХ ФАНТАСТИЧНИХ ПРИПОВЕТКИ СА КРАЈА XIX ВЕКА ........ 329

Сузана Мицева
МИТОТ И СКАЗНАТА КАКО ОСНОВА ЗА СОЗДАВАЊЕ НА КНИЖЕВНИТЕ ЛИКОВИ ВО ПРВИТЕ ДЕЛА НА МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА ........ 349

**Ана Ж. Витанова-Рингачева**[*]
Универзитет „Гоце Делчев”
Филолошки факултет
Штип, Северна Македонија
ORCID: 0009-0000-1702-9027

UDK 398.3(497.7)
https://doi.org/10.46793/FolkloristikaXIV.305VR

# МАКЕДОНСКИТЕ РУСАЛИИ ДЕНЕС – РЕЛИКТ НА ДРЕВНИТЕ РИТУАЛНИ ИГРИ

Русалиите како машки обредни поворки коишто во минатото биле активни во времето на т.н. некрстени денови, претставуваат интегрален дел од македонската обредна традиција. Активноста на овие специфични обредни игри се случува во т.н. обредно време, а самите игри имаат заштитна функција. Хтонскиот карактер на игрите се препознава во начинот на организација на самите игри, реквизитите (голите сабји, секирата и тапанот), табуата коишто ги следат како и силното почитување на култот кон природата и култот кон мртвите предци. Самите движења, облеката, звукот на тапанот и ората, ги претставуваат русалиите како суштества од другиот свет коишто се подготвени да се соочат со злото, да му се спротивстават и да го уништат. Еден од начините како да се зауздаат злите сили била примената на танцот и играта како дел од синкретичната пракса. Русалиските игри во Македонија во минатото имале своја регионална распространетост и тоа во југоисточниот дел што ги опфаќа Струмичкиот и Гевгелиско-валандовскиот регион. Русалиските дружини коишто организирано го практикувале обредот во неговата изворна форма, биле активни до втората половина на XX век. Новите општествени контексти доведоа до тоа русалиските игри да ја изгубат својата оригинална изведувачка форма и обредната практика што произлегува од нив и како такви повеќе не се среќаваат. Тие одамна ги изгубиле формата на изведување како и целта, бидејќи до денес останале да опстојуваат само како обичај кој се изведува во с.Секирник за време на празниците Голема Богородица и Велигден. Она што денес го имаме како сведоштво за некогашните игри се фолклорните дружини коишто сè уште го негуваат русалиството како реликт од древните обредни игри, коишто биле практикувани од нивните предци. Во овој труд ќе се обидеме да направиме пресек на русалиската обредна традиција во Македонија некогаш и денес, кога истата се применува во современ контекст, видоизменета форма и цел.

**Клучни зборови**: Русалии, обредни ритуали, македонска народна традиција, Струмица, Секирник, Гевгелија.

[*] ana.ringaceva@ugd.edu.mk

Обидот да се реконструира сликата на древниот човек и неговиот порив да го усогласи својот начин на живот со природните закони, нè носи до разоткривање на магиско-обредната практика и нејзините манифестации. Човекот неминовно ја чувствувал својата подредена позиција во однос на природата, која ја доживувал со сета нејзина анимистичка страна. Магиско-обредните активности на таквиот човек се насочени кон обидот да се скротат непознатите сили на природата од кои тој се плашел, ги почитувал и се обидувал да ги заузда, па и обессили. Со практикувањето на таквите активности човекот бил уверен дека може да изврши регулација или враќање на изгубената рамнотежа меѓу него и природата, управувана од натприродните сили. Верувањата во постоењето на непознатите сили кои, или му се наклонети на човекот или се против него, всушност се составен дел од првите религиозни појави. Магиските обреди чија цел е да извршат влијание на природните сили и да ги направат благонаклонети кон луѓето, со цел неутрализација на штетните последици е начин на кој во реалноста се прикажуваат првите форми на религиозно размислување. Во основата на старите религии е односот на човекот кон природата и замислените демонски суштества кои егзистираат во неа. Древниот човек се обидувал, преку обредни активности да ја потчини природата на своите и потребите на целата заедница и тежнеел, мистичните сили и суштества, за кои верувал дека се насекаде околу него, преку ритуалот и магијата да ги придобие на своја страна. Според Воин Матиќ (1972: 35) природата е сè уште анимирана од индивидуални митски суштества, факт што возбудува и всадува чувство на стравопочит кон мајката хранителка. Природата која во перцепцијата на човекот е најмоќна, најмудра, најубава и најправедна е доказ дека постои некоја индивидуална волја или промисла или општ закон, кој смислено и целисходно ги ускладува сите појави и се грижи за иднината на светот.

Станоја Бојанин (2005: 185–186) пишува дека основни податоци за забранетите празници и обичаи карактеристични за таквите празници даваат српскословенските преводи на Номоканонот од почетокот на XIII век и Синтагмата на Матија Властар од средината на XVвек. И двата зачувани споменици содржат превод, односно ја пренесуваат содржината на 62. Трулски собор од крајот на VII век и коментари за византиските празници од XII век. За русалиите, празник којшто се одржувал по Велигден, говори Теодор Валсамон (крајот на XII век) во коментарот на истиот Собор. Во првата половина на XIII, охридскиот архиепископ Димитрије Хоматијан

зборува за „стар обичај", празнување на празникот Русалија кај селското население за време на празникот Педесетница. Бојанин како извор ја наведува и Савината книга. (Бојанин 2005: 203–204). Според Оливера Васиќ (2012: 155) во тој период, од XII до крајот на XV век називот *русалии* се однесувал на два празника во текот на годината: 1 март со кој почнувал пролетниот дел од годината и летниот празник Педесетница – Тројца, Духовден. Русалиските поворки во околината на градот Гевгелија којшто се наоѓа во јужниот дел на Македонија се засведочени и од сестрите Љубица Даница Јанковиќ (Јанковић 1939: 20–30), како и од Стеван Тановиќ (Тановић 1927: 223–226).

Во науката се среќаваат и повеќе толкувања за самиот термин *русалија,* а би ги навеле следните: пролетен празник на розите, човек кој учествува во русалиските игри; *Русаља* – празник Свети дух, Русалиска недела, неделата на Св.Троица; *Русалии* – во Кукуш (Егејска Македонија) се луѓе облечени во фустани кои со јатагани преку рамо играат специјални ора и ги обиколуваат селата, собираат дарови за подигање на нова црква или за обновување на старата; дружина коледари кои од Коледе до Водици шетаат од куќа на куќа, од село во село играјќи русалиски игри собираат пари и подароци за нова црква. Од основниот поим се изведени повеќе поими со исто или слично значење: *русàли* – зли машки духови поврзани со Русалиската недела или места каде што за време на Русалиската недела одат болни за да бараат излекување; *русали* – места наросени со роса, на кои за време на русалиската недела болните одат да преспијат; *русалка* – митско суштество или зли женски духови поврзани со обредноста во Русалиската недела (Витанова-Рингачева 2019б: 132–133). Терминот *русалии* во народната митологија се доведува во корелација со *русалката* - горска или водена самовила која се појавува за време на Русалиската недела, во Бугарија се нарекува *русāка* – митско суштество со глава на девојка и опашка на риба. Во рускиот, украинскиот и белорускиот јазик *руса́лка*, во чешкиот *rusalka*, во полскиот *rusalka*. Според Миклошиќ, чешкиот поим *rusalka*, полскиот *rusalka* и бугарскиот *русалка* се книжевни заемки од источнословенските јазици. (*Български етимологичен речник* 2010: 349–351.

Кога станува збор за колективното добро, во природата на човекот е потребата за обединување во идејата дека ништо не е позначајно од тоа да се заштити породот, семејството, заедницата, домот. Анализата на системот на верувања, обредната практика, негувањето на култовите и симболите во културата на балканските

народи покажува големи сличности. Една од формите на синкретичните дејствија на човекот е секако играта (танцот) како древен феномен. За древниот човек играта била составен дел од животот, како во материјална, така и во духовна смисла и нејзиното практикување е во најнепосредна врска со симпатичката магија. Практикувањето на играта во древните ритуални активности претставува обид на човекот, на симболичен начин да ја избрише границата помеѓу световите и во рамки на лиминалното време да ја трансформира во медиум којшто ќе му овозможи слободно движење. Играта отсекогаш претставувала еден вид дијалог на човекот со невидливото (Chevalier, Gheerbrant 1987: 201), а човекот се стремел преку неа да стигне до световите кои се нематеријални, а за кои имал чувство дека постојат во некоја друга димензија. Според Жилбер Руже (1994: 149) играњето подразбира вклопување на музиката во просторот, а самата таа има способност длабински да го промени односот на човековото *Јас* со самиот себе, односно да ја промени состојбата на свест.

> Ритуални игри се древна појава чии зачетоци се длабоко во синкретичноста и тие претставуваат нераскинливо единство на човекот со неговиот прапредок. Обидот за реконструкција на ритуалните игри ја носи науката до примарните синкретични претстави во кои човекот прави обид за одбрана од налетите на злите сили. Кога зборуваме за обредниот танц треба да нагласиме дека тој скоро секогаш е поврзан со потребата да се влијае врз природата, да се истера злото и да се обезбеди добробит на заедницата. (Витанова-Рингачева 2019в: 145)

Во едно наше претходно обемно истражување направивме пресек на трансните ритуални игри коишто се практикувале во источниот дел на Балканскиот Полуостров: *русалиите* во Македонија, *анастенарите* во Грција, *русаље/краљице* во Србија и *калушарите* во Романија. Истражувањето покажа дека многу обредни активности коишто ги практикувал современиот човек (до втората половина на XX век), се еден вид „преживелици” од древните шаманистички активности, насочени кон лекување и обезбедувањето добробит на заедницата. Според Катерина Петровска-Кузманова (2006) русалиските игри сочувале во себе елементи од прасловенските ритуали поврзани со индоевропските верувања во цикличниот круг живот-смрт-живот, а како посебен елемент на русалиските обредни игри таа ја подвелкува борбата, која може да биде и фингирана. Русалиските обредни игри покажуваат големи сличности со екстатичните сеанси коишто се применуваат во шаманската обредна практика. Обредните активности не се насочени само кон исцелување на болните, туку и кон

општењето со мртвите или со духовите на природата, стекнувањето на наклонетост на божествените сили ли пророчки визии за иднината. Таквите карактеристики неминовно ги поврзуваат со древните ритуални активности на човекот. Дејствувањето на шаманите во древните цивилизации, но и нивните практики денес, било и е насочено, токму кон справувањето со силите на злото, без разлика во каква форма се манифестираат и го напаѓаат човекот.[1] Трансните ритуални игри засведочени на Балканот ја имаат истата функција (исцелителска, апотропејска). Со текот на времето игрите престанале да се практикуваат во нивната изворна форма. Сепак оставиле своја трага во културната меморија на народите коишто некогаш ги познавале истите.

Русалиските игри се дел од традицијата и на бугарскиот народ. Бугарскиот филолог Анчо Калојанов (2002: 23–24) ги дефинира русалиите како одглас на воената традиција на бугарскиот народ, а остатоци од таа традиција се ајдучките и коледарски песни, е заговорник на тезата дека русалиите се одглас на древните шамански обичаи. Ваквото свое тврдење тој го поткрепува со фактот дека вертикалната организација на просторот во шаманската митологија е во основата на календарското одредување на русалиските игри, а тоа се т.н. Погани дни. Според народните верувања, тие дванаесет дена небото се отвора, се прибираат душите на мртвите (пуштени уште на Врбница). Калојанов повлекува паралела со движењето на шаманот по вертикала, односно неговата моќ да ги пренесува душите низ световите.

> Наиме, трансне ритуале узимамо као један специфичан вид магијско-религијског искуства и праксе… Узети у глобалним цртама, трансни ритуали припадају претежно анимистичком религиозном слоју пројекција са веома наглашеним магијским радњама. Путем транса успоставља се замишљена мистична веза са духовним ентитетима (паганским и хришћанским божанствима) једном речију, са светом веома развијене анимистичке уобразиље. (Антонијевић 1990: 23)

Магиското лекување во најслаб степен се среќава кај македонските русалии бидејќи играчите само попатно допуштаат средби со болни или наменски (со покана) влегуваат во куќи каде има болен. Играта на русалиите во Македонија била насочена кон

[1] Види во: Арнаудов 1971; Антонијевић 1990; Hamayon 2001; Tokarjev 1978; Elijade 1990; Vitebsky 2000; Јанковић, Јанковић 1939: III, стр. 20, IV, стр. 184; Калоянов 2002; Чаусидис 1994, Чаусидис 2008: 209–236; Анастасова Шкрињариќ 2011.

спречување на злите сили да дојдат во близина на луѓето или полето, што значи дека тие дејствувале превентивно. Арнаудов, истражувајќи ги кинеските и блискоисточните огнени мистерии, како ги практикуваат екстатичните сеанси, зборува за сличноста помеѓу магионичарите, жреците (многубожечки пагански свештеници), дервишите и шаманите од Централна Азија и Сибир. Тој вели дека праксата на овие шамани природно му се наметнува како интересна аналогија, не само со нестинарите (со нивните игри со оган и пророштва), туку и за бугарските русалии – калушари, со нивните танци и исцелувања (Арнаудов 1971: 106). Русалиските игри во Македонија, Бугарија, Романија и Србија покажуваат свои сличности, но и разлики. Меѓутоа заедничко за сите нив е целта со која се изведуваат, а тоа е плодородие, истерување на злото (заштита од него) и лекување на болни. Во бугарската, романската и српската традиција, русалиските обичаи, изведувани преку техниката на паѓање во транс, ги исполнувале основните функции, меѓу нив, најважната – исцелителската. Додека пак во македонската традиција моментот на паѓање во транс е изоставен, иако елементи на трансот се среќаваат, во играта и музиката. Иако, македонските руалии не го практикуваат трансот, сепак останатите елементи од обредот покажуваат големи сличности со шаманистичкиот ритуал: наследно ја играат улогата на „врач” во рамки на својата заедница, значи поседуваат еден посебен општествен статус; претставуваат еден вид посредници или медијатори меѓу световите, можат да воспоставaт контакт со мртвите и да ги пренесат нивните пораки до живите; да влијаат на злите духови и да ја истераат болеста (чудесно оздравување); имаат моќ да дејствуваат на времето, а со тоа да влијаат на плодородието и бериќетот и слично. Бугарскиот научник, академик Михаил Арнаудов (1971: 165–166) посветува доста обемна статија за врските на шаманзимот со русалиството, а во сржта на неговото истражување е моментот на магично истерување на болеста. Тој смета дека магичното лекување е секундарна појава во русалискиот ритуал наследена од римските колонисти на Балканскиот Полуостров, а како примарна појава се претпоставува дека функционирала надвор од Празникот на розите (култот кон мртвите), а присоединувањето е резултат на сличноста на танцот. При магиското лекување на шаманите и на русалиите – калушари, Арнаудов ги потенцира следниве особености: 1. Припаѓање (паѓање во транс); 2. Заклетва; 3. Голите мечови; 4. Тојагата; 5. Танцот; 6. Организацијата; 7. Костимите. Според личните истражувања на Драгослав Антонијевиќ

(1990: 154) русалиската традиција е засведочена и кај балканските номади-сточари Ароманци, кои празникот Духови го нарекуваат *Русал`е* и го поврзуваат со русалките - митски суштества кои живеат кај изворите и играат околу нив. Сточарите внимаваат, за време на Русалиската недела да не стапнат на местото каде тие играат, за да не полудат. Русалките им доаѓале на сон на жените и кај нив предизвикувале состојба на транс и затоа аромански жени не работат ништо за време на неделата, како не би паднале во транс како казна од русалките. Драгослав Антонијевиќ (1990: 63) го дава и највпечатливиот опис на анастенарите. Тој во 1984 година престојувал во Лангада (Грција), место кое претставува еден вид жариште на овој обред. Во Бугарија најпознато жариште на нестинарството било селото Вургари на источните падини на планината Странџа, блиску до грчкото село Кости, расадник на анастенарскиот култ. Антониевиќ при своите теренски истражувања во селата во Романија, каде некогаш живо се изведувал калушарскиот ритуал, забележува дека истиот ја изгубил својата автентичност во играта која не се изведува изворно. За обредот русаље сведочат патеписните белешки на Тихомир Ѓорѓевиќ (Ђорђевић 1906: 796) кој забележува дека во обредот *русаље* кој се одвивал три дена од празникот Троица, паѓањето на жената во транс е клучниот момент.

> Како не беше тројичка недеља, те не бих од овога ништа видео, ја само разбрах о русалијама и што сазнадох од људи који су русалије гледали, забележих. Падање русалија састоји се у томе што сва три дана Тројице пада женскиње из Дубоке у несвест и из несвести се враћа свирком карабаша. (Ђорђевић 1906: 796)

Русалиите своите обредни активности ги изведуваат исклучиво преку танцот, ритмичното повторување на звуците и синхронизираната игра се единствениот метод за остварување на целта. Во овие игри танцот се практикува во комбинација со обредните реквизити, најчесто голите мечови или дрвените сабји и специјална свечена облека. Во таквите игри музиката и играта се основното средство за борбата против злите сили. Меѓутоа играта има универзална функција, покрај борбата со злите сили, исцелувањето, таа имала улога воопшто во обезбедувањето на плодност и ставање на природата во функција на човековите потреби. Дека играта има лекувачка моќ потенцира Антонијевиќ кога ги спомнува древните грчки свештеници *agyrtae* кои тврделе дека со својата игра можат да ја излечат која било болест (Антонијевић 1990: 38). Според Елијаде пак, танцувањето во круг

извонредно го прикажува опстојувањето на ритуалите и праисториските верувања во денешните архаични култури. (2005: 27)

Во овој труд фокусот го ставаме на русалиите, ритуални игри коишто поседуваат карактеристики на древни трансни ритуали, а се изведувале во периодот на т.н. „некрстени денови" (Шапкарев 1987: 113). Во периодот на зимските празнувања се организирале собори на кои всушност и се практикувале русалиските игри. Првиот пишан книжевен запис за русалиите датира од 1884 година и е дело на Кузман Шапкарев, кој посочува дека во времето на т.н. погани дни (од прв ден Божиќ до Водици-Богојавление) по селата меѓу Ениџе-Вардар и Кукуш, северозападно од Солун, одат дружини наречени русалии да собираат пари и подароци за градење на нова црква. Владимир Јаневски во своите истражувања за традиционалните игри од крајот на XIX и почетокот на XX век (2022: 152) посочува дека Шапкарев, еден голем дел од својата собирачка дејност посветил на русалиските обреди, поточно машките поворки од пределот Бојмија, а истражувањата ги вршел во градот Кукуш и неговата околина. Во петте поглавја, Шапкарев остава огромен емпириски материјал за: составот на русалиската дружина, облеката и оружјето, законот и обредите на русалиите, игрите и описите и последните обреди.

Русалиските игри поседуваат еден специфичен дуализам, кога станува збор за генезата и елементите што ги содржат, а коишто директно упатуваат на древните пагански култови, особено култот кон природата, култот кон мртвите предци и секако елементите на древните иницијациски ритуали. Русалиите имале свој специфичен начин на организација и функционирале по строго определени правила. Шапкарев (1987) во деталниот опис ги посочува следните: 1. Се почитувал законот на безусловно молчење, русалиите не зборувале меѓусебе, освен балтаџијата, кесаџијата и двајцата чауши, зборувале само кога е нужно, кратко и тивко; 2. Не се крстат кога јадат, легнуваат или тргнуваат; не благословуваат; кога пијат вино, кога играат и воопшто при другите активности не наздравуваат; 3. Кога среќаваат луѓе или кога влегуваат во некоја куќа не ги поздравуваат; 4. Кога играат, одат или скокаат еден позади друг, треба секој да стапне на истото место каде стапнал претходникот од парот; 5. Не дозволуваат никој да застане помеѓу нив, без разлика дали играат или се движат. Русалиското оро може да го раскине само болниот кој влегува во средината на орото за да се излекува, а штом заврши играта, русалиите ги прекрстуваат мечовите на челото на болниот при што се верува дека ќе биде излекуван; 6. Одејќи од едно место на

друго, русалиите никогаш не газат во вода, ја одминуваат или ја прескокнуваат; 7. Ако се случај некој од која било причина да изостане, неговиот другар од парот не го напушта, стои над него мафта со сабјата со што го заштитива од опасности и зли сили; 8. Кога застануваат да преноќат во некое село, се делат по толку куќи колку што има парови; 9. Балтаџијата и кесаџијата преноќуваат во најголемата и најширна куќа во која ќе се собере селото да ја гледа нивната игра; 10. Ако преноќуваат во село од кое потекнува некој од дружината, не е дозволено средба со блиските или преноќување во куќата на блиските, тоа се дозволува по завршувањето на Поганите дни; 11. Русалиската дружина се пречекува со почести како за најценети гости, се приготвуваат најубавите храна и пиење; 12. Пред пристигнувањето во некое село, калаузите од дружината одат напред за да ги предупредат селаните да го подготват неопходното за русалиите. Последниот дванаесетти ден, ноќта спроти Водици, дружината се враќа во селото и заминува во црквата каде свештеникот чита молитва (се верува дека оној кој нема да отиде на молитва, ќе полуди). Влегуваат во црквата од левата врата, наредени во редица со мечовите подигнати со острицата нагоре, ја слушаат молитвата и бакнуваат крст, без да се прекрстат. Свештеникот ги попрскува со света вода по челото и сабјите, тие ги спуштаат и заминуваат низ десната врата. Преку симболиката на крстот игрите се подведуваат во пазувите на христијанството, бидејќи тоа ги прифатило и адаптирало на своите канони. Христијанските елементи во самиот обред се исчитуваат преку симболиката на крстот со врзувањето на двете црвени марами на градите во форма на крст, како и почитта на русалиската дружина кон свештеникот и црквата. Родна Величковска (2011: 146) смета дека преку симболиката прикажана во вкрстувањето на дрвените сабји (кал`чките), начинот на облекување на двете црвени шамии и шарата на калчуните, се истакнуваат христијанските елементи испреплетени со пагански атрибути. Русалиите својот поход го започнуваат од црквата со благослов од локалниот свештеник, а по завршувањето повторно се враќаат во црквата, пред конечно да се вратат во домот. Самите учесници во русалиските игри за време на дванаесетдневниот поход доживуваат силни трансформации, не само физички (преоблекувајќи се од една во друга облека), туку и психолошки. Тие на некој начин се наоѓаат на границата световите (овостраниот и оностраниот), имаат улога на медијатори или посредници меѓу живите луѓе и душите на умрените предци. Да се заштити заедницата и да се обезбеди добробит за истата се врвните цели заради кои се

извршувал обредот, а со самото тоа учесниците добиваат повисок статус во средината и се перципираат како суштества кои имаат моќ за комуникација со натприродниот свет. Во функција на тврдењето дека станува збор за учесници во древен обред кои имаат своевиден допир со онострaниот свет се следните елементи: парниот број учесници и движењето во пар, обредното молчење, танцувањето на гранични места кои сугерираат демонски хронотоп (како што се: раскрсници, гробишта, суви и осамени дрвја), собирањето дарови со лева рака, закопувањето на мртвите русалии на местото на смртта и нивниот третман како „нечисти покојници" и слично.

> Русалиската дружина ја сочинуваат 20-60 мажи од 20-40 годишна возраст кои формираат 10-20 парови, секој пар претставува едно неразделно цело, а сите заедно формираат еден танц или едно оро. Дружината била толку сплотена и компактна, што никој не смеел да ја напушти групата (дури ни во случај на смрт во семејството), а ако еден заостане во маршот другиот го следи, или пак ако се најде во ситуација да не може да се брани, другиот со сабјата витла над неговата глава, штитејќи го од злите сили. (Козаров 2010: 32)

Многу често русалиските дружини се среќавале меѓусебе, ниту една од дружините не отстапувала прва, освен ако едната е многу помалубројна и послаба и таа во знак на покорност треба да ги спушти сабјите пред посилната дружина и да помине под две споени сабји со врвовите нагоре. Бидејќи таквата постапка претставувала срам за дружината, многу често се одвивале тешки борби и крвопролевања со смртни последици. Мртвите русалии се погребувале на местото каде починале и се смета дека на тој начин настанале „русалиските гробишта". Такви места, според кажувањата на локалните жители, денес постојат во Македонија (Витанова-Рингачева 2019: 290) и можеме да ги класифицираме како локални преданија.

> Од Виница кога се оди накај Делчево, на Калиманско Поле има една височинка, едно високо ритче. На тоа ритче и денеска има белези дека тука постоеле гробишта. И денеска, кога се прашува: „Од каде пристигнавте?", одговорот е: „Покрај Русалиските Гробишта". Ние, како деца, кога минувавме оттука ноќно време, носевме ламбички или нешто друга за да светеме, оти се плашевме.Тоа место и ден-денеска постои, но јас повеќе од 30 години не сум бил таму. Инаку, местото постои, постои и името. (Кажување за Русалиските Гробишта)[2]

[2] Кажувањето е снимено во Струмица, на 25.9.2011 година. Информатор: Петар Атанасов, роден во с. Илиово, Делчевско, 1937 година, со завршена Педагошка академија, група Македонски со српскохрватски јазик. Снимил и дешифрирал: Иван Котев, фолклорист. Овој материјал се објавува за првпат.

Заштитната функција е фундаментална во играта на русалиите, балтаџијата како предводник ја штити дружината, но сите заедно подредени на принципот на парови, ја штитат заедницата од болести и зло. Магискиот карактер на игрите, освен во веќеспоменатите елементи, се препознава и во облеката што ја носат учесниците во ритуалот. Но, во одредени орнаменти на самата облека се препознаваат и елементи на христијанството, што секако извршило влијание врз самиот обред.

> Тоа е вообичаена празнична носија која се разликува по специјалната симболика на елементите што ја надополнуваат, како што е крстот кој се добива со вкрстување на две шамии на градите и крстот направен од гајтани што се наоѓа на чорапите. Овие елементи несомнено сведочат за навлегувањето на христијанството и неговото прилагодување кон старите пагански култови. Присутноста на христијанските елементи е нагласена во овие обредни поворки, а тоа се согледува и во фактот дека кај Русалиите, почетокот и крајот на обредот се означени со одење во црква, земањето причест/благослов пред почетокот на обредот и барањето прошка на крајот од обредот, што, исто така, ги издвојува од останатите машки обредни поворки. (Петровска-Кузманова 2016: 192)

При нашите најнови истражувања во селото Секирник, Струмичко, наидовме на луѓе коишто сè уште живо ја чуваат и негуваат русалиската традиција, се разбира во нејзината рудиментирана форма, како фолклорна игра. Она што силно ги поврзува со предците, според кажувањата на самите информатори на терен, секако е русалиската облека која за нив е од посебно значење.

> Облеката ја имаме наследено од нашите стари. Денеска е малку изменета, не е многу, но сепак има промени. Штом почнам да ја облекувам, срцето почнува да ми чука посилно. Облеката те трансформира, стануваш друг (втор) човек. Формираме полутворен круг за да ги уловаме злите сили. На крајот кога орото се забрзува кругот се затвора и со движењата на сабјите к`лчки се верува дека злото се уништува.[3]

Трансформација на личноста на русалијата се случува тогаш кога тој на себе ќе ја облече русалиската облека. Русалијата е обичен човек од секојдневното опкружување, но преку облеката што ја носи украсена со функционални детали (како што е црвената марама), реквизитите (сабјите и секирата украсена со тревки) и играта (звукот на тапанот и зурлите, орото) доживува своевидна трансформација.

[3] Информатор: Ѓорѓи Петров, роден 05.07.1995 во Струмица. Снимила и дешифрирала: Ана Витанова-Рингачева, терен: 05.03.2023 г.

Русалијата како учесник во обредот, пред и по извршувањето на истиот, доживува симболична смрт, „умира” обичниот човек, за да се роди новиот, кој поседува посебни магиски моќи за лекување на болните.

> Помислата дека како русалии имаме моќ да го уништиме злото ни дава уште поголема сила. Нашите стари верувале во силата на играта. Кога ќе ги видааме русалиите како да се ослободувааме, си даваш сам некоја сила и да си болен, ќе станеш. Има една пословица: „Русалиите ка ќе дојдат и болен ќе се дигне”. Луѓето верувале дека ако ти дојдат русалиите во дворот, тоа семејство е благословено.[4]

Реликти од русалиските игри во Македонија денес се среќаваат во с. Секирник (селото се наоѓа во југоисточниот дел на Македонија, во источниот дел на Струмичка Котлина и во југоисточниот дел на Општина Босилово, Фотографија I, II и III) и во Бојмијата, предел кој зафаќа дел од јужномакедонската етнографска целина во која живеело и македонско и влашко население. Селата Ума (Хума), Конско (Коњско) и Серменин (Фотографија V) се наоѓаат во областа Влахомеглен. Тоа се села кои се наоѓаат на падините на планината Кожуф, во околината на градот Гевгелија и тие биле целосно населени со Власи кои до првата половина на дваесеттиот век го негувале русалиството. Додека пак селата Петрово, Стојаково (Фотографија IV) Смоквица, Миравци, Давидово се села познати по традицијата на русалиските игри, а се населени склучиво со македонско население.

Нашите долгогодишни теренски истражувања во оваа област и разговорите со локалното население, ни дозволуваат да заклучиме дека жителите на селото Секирник се поистоветуваат со своите предци – русалии, кои пред повеќе од еден век се населиле тука. Нада Бајрактарова, потомок од т.н. бежански семејства во книгата „Вечен сон К`И-Ш-ОЈМЕ” (Струмица 2023) интегрално го дава сведочењето на Гоце Петров наречен Гоце Руслаиита (види Фотографија III) од с. Секирник, кој од 1961 година ги водел Русалиите во с. Секирник:

> Во старо време, долу во нашето Кукушко, било забрането да играат ора, македонски ора. Ама, преку владиката, им се одобрило да играат дванаесет дена. Тие се викале – Русалиј.....Нашите, кога се преселиле во тринаесетта година, кога избегале, тоа оро се раширило и тука. Го имало во тие краишта тука, ама го викале џамаларе, не ги викале русалиј. Од кукушкиот крај се пренесува во тринаесетта година, кога русалиите идат тука. Кога дојдовме ги

[4] Информатор: Иван Панајотов од с. Секирник, Струмичко. Роден 1953, православен. За себе кажува дека е Русалија веќе 50 години. Снимила и дешифрирала: Ана Витанова-Рингачева, терен: 05.03.2023 г.

имаше и во Богданци, Балинци, потоа во Секирник, Сушица, Струмица. Тоа, русалиското оро го водеа сѐ стари наши бежанци, луѓе дојдени од Кукушко, од доле, од нашето. (Бајрактарова 2023: 87)

Според Кире Козаров (2010: 22–23) непобитна е историската вистина дека по страшниот егзодус на Грција врз македонското население од егејскиот дел на Македонија за време на Балканските војни, протераните Македонци, доаѓајќи во селата: Секирник, Иловица, Штука, Радово, Нова Маала и други со себе ја понеле и традицијата на русалиството. Фолклорната група КУД „Русалии" од с. Секирник, формирана од Бежанци при преселбата во овој крај, заради собирање средства за изградба на црква во селото, постои и денес. Оваа фолклорна група единствено ги игра бежанските русалиски ора, на начин како што ги играле нивните предци (Бајрактарова 2023: 10). Протераните Македонци со себе не можеле да го понесат имотот и материјалните добра, но колективниот дух и традицијата останала жива и ја пренеле во новите живеалишта. Без разлика на временската дистанца, локалните жители како потомци на протераните Македонци од Грција, ги чува живи спомените.

Вековната традиција која Македонците од Кукуш, Егејска Македонија ја негувале, по нивното раселување ќе ја донесат со себе, пренесувајќи им ја на староседелците кои ја прифатиле и заедно со нив ја одржувале жива. Традицијата на русалиството во Македонија се поврзува со струмичкиот регион од времето на големиот егзодус 1913 година, кога бегалците од Кукуш со себе понеле и дел од културното и духовно богатство. Балканските војни го предизвикале големиот егзодус на македонското население, а на 29 јуни 1913, според стариот стил, дефинитивно бил уништен животот во убавиот град Кукуш и неговата околија. Егзодусот ги преименува овие Македонци; староседелците ќе ги наречат Бежанци – Бигалци. (Козаров 2010: 22–23)

Играта на русалиите во Македонија е насочена кон спречување на злите сили да дојдат во близина на луѓето или полето. Нивната улога повеќе била превентивна, спречување злото да дејствува на даден простор. Во текот на XIX век обичаите на русалиите се целосно прифатени од црквата и целиот собран приход и подароци ги оставаат во неа, особено ако треба да се гради нова. Иако самиот русалиски обред ја има надживеано својата изворна форма која подразбира: подготовки за походот кој трае дванаесет дена, практикување на играта во лекувачки цели, заштита од злите сили и слично, сепак локалното население го доживува како настан којшто за нив има огромно значење. Во науката е познато дека русалиските обреди во некаква форма биле присутни во струмичкиот регион уште пред

доаѓањето на русалиите од Кукушко, но најверојатно биле само на минување. За русалиите денес знаат народите на Македонија, Бугарија, Романија и Молдавија, но самиот обичај ја загубил својата обредност и денес се изведуваат „за здравје” или само како перформанс од забавно-уметнички карактер. Слика за тоа како изгледале русалиите некогаш во годините кога сè уште активно ги практикувале игрите за време на некрстените денови, ни даваат неколку филмувани записи коишто денес се чуваат како сведоштва. Иако станува збор за изведба на русалиски ора за време на свечености и фестивали, сепак можеме да формираме жива слика за нивното постоење во средината на XX век.

> Првиот краток видеозапис за русалиите е записот во документарниот филм „Пред октомвриските фестивали”, снимен 1948 година, во продукција на „Вардар филм – Скопје”, според сценарио и режија на Благоја Дрнков, кој е и снимател. На годишнината од 11 Октомври 1941 година во Битола и во Штип се одржале првите фестивали на народни песни и ора. Во овој филм, во помалку од 30 секунди, е дадена играта на русалиите од Гевгелиско, со пригоден настап, пред публиката.[5]

Русалиската група во селото Секирник каде што и ги вршиме теренеските истражувања, според кажувањето на Димитар Иванов неформално постои од 1923 година и делувала во тоа време со цел собирање „вакуф” (материјални добра) за изградба на црква.[6] Според податоците со кои располагаме, не можеме да дадеме прецизен податок кога (временски) русалиските игри преминале во перформанс. Добротворната компонента на русалиските игри доаѓа до израз и при гостувањата на групите на просторот на поранешната Југославија. Русалиите од Струмичко и од Гевгелиски-валандовскиот регион имале свои настапи на најразлични фестивали и манифестации, а целта им била да соберат материјални средства, најчесто за градење црква. Зачуван е запис за русалиите од с. Мрзенци, Гевгелиско коишто тргнуваат во поход за да соберат пари за обнова на црквата „Св. Константин и Елена”, која била разрушена за време на Првата балканска војна во 1912 година. На страница бр. 7 во „Политика” на 18 јануари 1928 година е објавена статија под наслов „Русалиите во Белград”, во која авторот В. Т. ќе го изрази воодушевувањето од играта на македонските русалии на „Малиот Калемегдан”:

---

[5] *Вардар филм – Пред октомвриските фестивали 1948*. https://www.youtube.com/watch?v=4hrR-2oSA_A&t=464s (08.01.2023)

[6] Димитар Иванов. *КУД „Русалии”* https://www.youtube.com/watch?v=3vOPWsUOSPk> (25.4.2024)

> Јутарњи калимегдански шетачи застали су јуче збуњени. Са пустог Малог Калимегдана чули су се снажни ударци у гочеве и цика зурли. Час громогласно, час тужно разлегала се песма наших јужносрбијанских пастира и ратара. Музика која се свега дванаест дана може чути. Од Божића до Богојављења када се водица свети и када се „русалије” враћају својим кућама са свога Богу угоднога пута. Од прикупљених новаца подижу се цркве, оправљају богомоље и манастири и помаже сиротиња. [...] Дубока сета, туга и господствени печал неисцрпни су. И свуда богатство, скривено благо народне уметности онакве какву је сам народ у својој сировости створио.

Одржувањето на русалиските игри во селото Секирник, село што живо ја чува традицијата се случува секоја година на 28 август на празникот Голема Богородица. Желбата да се зачуваат од заборав игрите коишто ги одржале во заедништво жителите од овој крај е само потврда за влогот на населението во зачувувањето на трагите на македонскиот идентитет, негово јакнење и пренесување на идните генерации. Нашиот информатор Иван Панајотов од с. Секирник вели: „Русалиите уживаат голема почит од локалното население, дури и гоословуват како Ванчо Русалиита, Дончо Русалиита и сл. Половина село Секирник е иселено во Струмица, ама кога ќе чујат оти русалиите имат настап, сите доаѓаат”. Русалиите во својата оригинална појава, од денешен аспект можеме да ги набљудуваме како места на меморија, од причина што цела една заедница се идентификува со нив и постоењето на истата таа заедница е во нераскинлива врска со сеќавањето за русалиските дружини. Признавањето на традициите го потврдува идентитетот на постојаната група и ја покажува нашата подготвеност да бидеме идентификувани како нејзини членови (Симс и Стивенс 2010: 69). Русалиите се дел од групниот идентитет на селото Секирник.

> Од магискиит ритуал врзан за култот на мртвите, односно за паматењето и врската со предците, до главниот симбол на она што го поврзува нашиот народ со векови и по кое тој ќе се помни - тапанот, зурлата и орото - патот е мачен и долг. Понекогаш е навистина нужно да се игра многу векови по дванаесет дена секоја година за да се развијат оние облици и содржини кои ќе станат поврзувачки и обединувачки, вистински средишта на народниот живот. (Маџунков 2010: 82)

Русалиството денес за жителите на Секирник е чувство на припаѓање. Масовноста со која жителите учествуваат во одржувањето на русалиската традиција е показател за тоа дека тие се чувствуваат како нејзин нераскинлив дел. „Тоа не можам да го опишам баш со

зборови, едноставно тоа се чувствува одвнатре - вели Ѓорги Петров[7], внук на најстариот русалија и иницијатор за обновување на игрите, Гоце Данаилов Петров.

> Во оваа смисла, некои од промените кои се појавуваат се резултат на примената на традиционалниот модел за да се постигне сакрален ритуализам, при што до израз доаѓа функционирањето на традицијата во контекст на десакрализиранaта и симулиранaта модерна култура. На овој начин обредот станува културална изведба во која симболичкиот материјал ја дефинира неговата форма. (Петровска-Кузманова 2018: 25)

Да се ревитализира овој стар обред и да се врати неговата примарна функција, во современиот културолошки контекст, е скоро невозможно. Причините за тоа се сосема логични, во смисла дека општествено-религиозната свест на човекот за постоењето и функцијата на обредните поворки, е сосема променета. Современата форма на русалискиот обред претставува искрен обид на новите генерации – потомци на русалиите, да се зачува традицијата. Наследниците на некогашните русалии во селото Секирник и денес ја негуваат традицијата претставувајќи ги русалиските игри како културно-уметнички перформанс (Фотографија VI). Најубав пример за тоа како се чува и како се негува традицијата е КУД „Русалии" од с. Секирник, група формирана во далечната 1972 година.[8] Димитар Иванов, раководител на КУД „Русалии" вели: „Секирник е препознатливо и го носи белегот на населено место со историски, можеби најавтентични, културни и традиционални вредности кои се зачувани од русалиските игри".Во таа насока е и иницијатива на жителите од Секирник во 2013 година во селото беше подигнат споменик „Русалија", дело на акдемскиот скулптор Горан Ѓорев.

---

[7] *Русалиски музеј*. https://www.youtube.com/watch?v=oXJ2zfZShCc&t=84s (25.4.2024)

[8] Види: Димитар Иванов. *Историјата на русалиите во с. Секирник, струмичко*. <https://www.youtube.com/watch?v=YPjwB9rD3aM. >25.4.2024



Фотографија I (Русалии, с. Секирник 1930 г.)



Фотографија II (Русалии с. Секирник 1952 г.)[9]

[9] Фотографиите со број II и III се од личната архива на Ѓорѓи Петров с. Секирник, внук на најстариот русалија и иницијатор за обновување на игрите, Гоце Данаилов Петров.



Фотографија III (Русалии, с. Секирник 1970 г.)



Фотографија IV (Русалии, с. Стојаково, Гевгелија 1934 г.)[10]

[10] Фотографиите со број IV и V се од личната архива на информаторот Доца Стефанова, родена 1942 година во с. Ума, инаку Влаинка. Нејзиниот татко бил русалијата во селото



Фотографија V (Русалии, с. Серменин, Гевгелија 1972 г.)



Фотографија VI (Младите членови на КУД „Русалии” с. Секирник)[11]

Русалиите денес претставуваат културно наследство од големо значење за македонската култура. Тие на еден непосреден начин ја пренесуваат пораката за чување и негување на групниот идентитет на една средина (с.Секирник), којашто успеала да ги сочува и пренесе на новите генерации. Марта Симс и Мартин Стивенс (2010: 73) пишуваат дека традициите се споделуваат и продолжуваат бидејќи им помагаат

Ума, а нејзиниот брат бил учител во селото Петрово и таму ги засведочил Русалиите. Личните теренски истражувања ги спроведовме на: 16.4.2016 г.

[11] *Русалии – вистината и историјата за помалку познатата македонска традиција*. https://novamakedonija.com.mk/zivot/magazin/rusalii-vistinata-i-istorijata-za-pomalku-poznatata-makedonska-tradicija/ (25.4.2024)

на членовите на групите да соопштат кои се и што е битно за нив. Според нив, членовите на групата учат едни од други, со набљудување или со едноставно партиципирање, како што стануваат заинтересирани за пристапување кон групата или за воспоставување на својот идентитет во неа. Во нашиот пристап кон русаликсите игри, тоа е највоочливо во исказите на самите информатори.

> Се гордеам што Русалиите во селото Секирник и денес постојат. Сега како модерно културно уметничко друштво…Но, тоа што мене, со моите бежански корени, емотивно ме разнежнува е тоа што традицијата донесена пред повеќе од сто години од Кукушко не само што не е замрена, оставена е да живее, ами и се шири, се пласира на многу поширок географски простор. И да, русалиските ора се играат и на други места, но тие за кои сум јас сум приврзан се Русалиите од Секирник и нивната автентична игра, што кај другите ја нема. Можеби заради тоа што многу пати сум ги гледал, можеби заради тоа што многу од нив лично сум ги познавал, а најмногу можеби и заради тоа што уште кога бев дете имав прилика да го гледам чичко Кољо Даутлицки (наш комшија) како ги учи децата од нашето училиште („Моша Пијаде”, тогаш) да играат русалиски ора.[12]



Фотографија VII (Споменик „Русалија” с. Секирник)

[12] Информатор: Благој Стојанов од Струмица. Роден 1950 год. Претседател на Здружението на бежанците, бегалците и децата на бегалците „Незаборав” – Струмица. Запишала: Ана Витанова-Рингачева, терен: 03.08.2025 г.

Секоја година, денот пред големиот христијански празник „Успение на Пресвета Богородица" по улиците на селото Секирник се движи русалиската поворка, за на крајот да заврши со изведување на русалиските ора.[13] Целото село и неговите иселени жители, за тој ден се враќаат, манифестирајќи заедништво и припадност кон заедницата (локална и национална) од која потекнуваат. Иако игрите во себе чуваат елементи од древноста, но и се прилагодувале на христијанската традиција, сепак во перцепцијата на луѓето тие остануваат да постојат како активност со која човекот општел со натприродните сили. И денес кога ритуалот е сведен на ниво на перформанс, учесниците коишто се наследници на некогашните Русалии, веруваат дека преку играта ќе ги зауздаат злите сили. Спојот на ритуалната игра, верата и остварувањето на основните егзистенцијални потреби, на овие игри им дава белег на традиционалност, но и отвора можност, истите да го продолжат своето траење како фолклорен елемент во модерната духовна култура на македонскиот народ. Ансамблите коишто денес ја чуваат и негуваат македонската народна пејачка и играорна традиција, во своите репертоари ги вклучуваат русалиските ора. Процесот на фолклоризација неминовно ги опфаќа и русалиските игри што денес ги негуваат фолклорните ансамбли во југоисточниот дел на Македонија. Но, не можеме во целост да се согласиме дека станува збор за фолклоризам, бидејќи фолклорот и фолклоризмот се разидуваат меѓу себе, теоретски, тие се спротивставени (Rihtman-Auguštin 1978: 21). Херман Баузингер го дефинира фолклоризмот како производ на модерната културна индустрија со кој се означува процесот на комодификација на фолклорот, процес во кој културата на народот се доживува како вторична (Bausinger 1990: 127). Ова, секако отвора нови видици во пристапот кон русалиската традиција, коишто можат да бидат тема на некои следни научни истражувања.

Факт е дека русалиството денес не може да се практикува во облик каков што бил до средината на XX век, што значи дека доживува своевидна адаптација (за сценска изведба). Ората што ги играат како и облеката се сочувани во целост. Овде станува збор за обид за одржување во живот на еден ритуал кој согласно менувањето на социјалните, културолошки и економски состојби, преживеал и се прилагодил на новото време. Тоа прилагодување значи исфрлање на

---

[13] Во прилог се линкови од настапите на Русалиите од Секирник: *Русалии фолклор, Секирник 2018*. https://www.youtube.com/watch?v=6v31DPE60es (03.08.2025); *Русалии фолклор, Секирник 20124* https://www.youtube.com/watch?v=l9Qnq0ZAZoA (03.08.2025)

дел од ритуалните елементи кои се однесуваат на дванаесетте дена организирано одење по куќите и другите села, а одржување во живот на специфичните движења (замавнувањето со сабјите, движењата на телото и сл.) и секако, изведување на ората. Во современи услови, она што опстанало е формата на русалиската игра, денес изведувана на сцена пред широка публика.

## Цитирана литература


Анастасова Шкрињариќ, Нина. *Фолклорни социјални фосили*. Скопје: Македоника литера, 2011.

Антонијевић, Драгослав. *Ритуални транс*. Посебна издање, књига 42. Београд: Балканолошки институт САНУ, 1990.

Арнаудов, Михаил. *Студии върху българските обреди и легенди II*. София: *БАН*, 1971.

Бајрактарова, Нада. *Вечен сон К`И-Ш-ОЈМЕ*. Струмица: ЛУБ „Благој Јанков Мучето", 2023.

Бојанин, Станоја. *Забаве и световине и средњевековној Србији од краја XII до краја XV века*. XX САНУ, Београд, 2005.

*Български етимологичен речник*. Том VII. Тодоров, Т. Ат. (одгов. ред.) София: Българската академия на науките. Институт за български език „Любомир Андрейчин". Академично издателство „Проф. Марин Дринов", 2010.

Васиќ, Оливера. „Русалиски поворки – сличности и разлики со други поворки." *Годишен зборник*, Vol 3, Nom 3. Штип: Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев" (2012): 155–159.

Величковска, Родна. „Презентирање на русалиските игри на фестивалите во Република Македонија и надвор од неа." *Годишен зборник* бр. 11, Штип: Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев" (2011): 145–149.

Витанова-Рингачева, Ана. „Русалиите – споделена вредност во културната меморија на Македонците и на Власите (врз примери на русалиската традиција во Гевгелиско-валандовскиот Регион)." *Македонски фолклор*, год. XLI, бр. 76. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков" (2019в): 144–152.

Витанова-Рингачева, Ана. „Шапкаревиот запис за русалиите – вовед во истражувањата на шаманистичките остатоци во македонската народна традиција." *Македоника*, IX, 22, Скопје: Македоника литера (2019а): 30–42.

Витанова-Рингачева, Ана. *Шаманизмот во македонската народна традиција*. Скопје: Македоника литера, 2019б.

Димовски Михајло. „Русалиските игри од селото Секирник (Струмичко) и нивните карактерстики." *Македонски фолклор 13/VII*, Скопје (1974): 165–183.

Ђорђевић Тихомир. *Кроз наше Румуне*. Српски књижевни гласник, књига 16. <https://dn790000.ca.archive.org/0/items/KrozNaseRumune/Kroz_nase_Rumune_Dr_Tihomir_Djordjevic.pdf > 11.04.2024

Елијаде, Мирча. *Историја на верувањата и религиските идеи* 1–3. Скопје: Табернакул, 2005.

Јаневски, Владимир. „Пишаните и визулените извори за традиционалните игри во крајот на XIX и почетокот на XX век." *Годишен зборник*, Vol 2, Nom 2, Штип: Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев" (2011): 151–157.

Јанковић, Даница и Љубица Јанковић. *Народне игре III* и *IV*. Београд, 1939.
Јанковић, Љубица С. *Русалије*. Београд: Државна штампарија краљевине Југославије, 1939.
Калоянов, Анчо. *Старобългарското езичество. Мит, религия и фолклор в картината за свят у българите*. Варна: ЕИ „LiterNet", 2002.
Калоянов, Анчо. *Старобългарското езичество. Мит, религия и фолклор в картината за свят у българите*. Варна: ЕИ „LiterNet", 2002.
Козаров, Киро. *Русалии*. Скопје: Македонска реч, 2010.
Матковски Александар. *Македонија во делата на странските патописци*, т. III (1827–1849). Скопје: Мисла, 1992.
Матковски, Александар. *Македонија во делата на странските патописци*, т. I (1371–1377). Скопје: Мисла, 1991.
Маџунков, Митко. „Прва книга за нашите русалии". Во: Козаров, Кире. *Русалии*. Скопје: Македонска реч, 2010.
Петровска-Кузманова, Катерина. „Ревитализација и популаризација на обредите под маски." у: *Обреди и фестивали под маски на Балканот: традиција, состојба, тенденција* / [главен уредник Владимир Караџоски]. Прилеп: Институт за старословенска култура, 2018: 21–36.
Петровска-Кузманова, Катерина. „Регионалните истражувања во Македонија врз примерот на русалиските обредни поворки." *Спектар*, год. XXXIV, 68 (2016): 191–198.
Петровска-Кузманова, Катерина. *Театарските елементи во фолклорот.* Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков", 2006.
*Политика* 18. 1. 1928. стр. 7.
Руже, Жилбер. *Музика и транс*. Издавачка књижарница Зорана Стојановића Сремски Карловци: Нови Сад, 1994.
Симс, Марта и Стивенс, Мартин. *Жив фолклор.* Скопје: Академски печат, 2010.
Стамков, Ристо. *Стојаково до денешни дни*. Скопје: Матица, 2007.
Тановић, Стеван. „Српски народи обичаи у Ђевђелиској кази." у: *Српски етнографски зборник,* 40, Београд, 1927.
Ђорђевић, Тихомир. *Кроз наше Румуне*, Београд, 1906.
Чаусидис, Никос. „Тапанот и 'тешкото оро' – анализа на митскосимболичкото и обредното значење." во: *Предавања на XL меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 13.VIII–30.VIII 2007)*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", 2008: 209–236.
Чаусидис, Никос. *Митските слики на Јужните Словени*. Мисла, 1994.
Шапкарев, Кузман. *Одбрани творби*. Скопје: Мисла, 1987.
Шапкарев, Кузман. *Русалии: древен и твърде интересен българский обичай запазен и до днес в Южна Македония*. Пловдив, 1884: 7–20.

Bausinger, Herman. *Folk Culture in a Worl of Technology*. Bloomington, Indiana (Translated by Eike Dettmer), 1990.
Chevalier, Jean и Gheerbrant, Alain. *Rječnik simbola*. Zagreb: Nakladni zavod Matice Hrvatske, 1987.
Elijade, Mirča. *Šamanizam i arhajske tehnike ekstaze*. Sremski Karlovci, 1990.
Hamayon, Roberte. *The concept of shamanism: uses and abuses*. Budapest, 2001.
Matić, Vojin. *Zaboravljena božanstva*, Beograd: Prosveta, 1972.
Rihtman-Auguštin, D. "Folklor, folklorizam i suvremena publika." *Zbornik radova, Etnološka tribina Folklorizam nekad i sad, održana u Kecskemet,* 1978.
Tokarjev, Sergej. *Rani oblici religije i njihov razvoj*. Sarajevo, 1978.
Vitebsky, Piers. *Indigenous Religions*: A Companion. 2000.

## Извори


*Русалии фолклор, Секирник 2018* https://www.youtube.com/watch?v=6v31DPE60es 03.08.2025;

*Русалии фолклор, Секирник 2024*<https://www.youtube.com/watch?v=l9Qnq0ZAZoA> 03.08.2025

*Вардар филм - Пред октомвриските фестивали 1948.* https://www.youtube.com/watch?v=4hrR-2oSA_A&t=464s. > 08.01.2023

Димитар Иванов. *Историјата на русалиите во с. Секирник, струмичко*. <https://www.youtube.com/watch?v=YPjwB9rD3aM. >25.4.2024

*Русалиски музеј* <https://www.youtube.com/watch?v=oXJ2zfZShCc&t=84s> 25.4.2024

*Русалии – вистината и историјата за помалку познатата македонска традиција* <https://novamakedonija.com.mk/zivot/magazin/rusalii-vistinata-i-istorijata-za-pomalku-poznatata-makedonska-tradicija/.> 25.4.2024

Сите теренски записи користени во овој труд се дел од личната архива на авторот (Ана Витанова-Рингачева) и од архивата на современиот македонски фолклорист Иван Котев.



Ана Витанова-Рингачева


## РУСАЛИЈА У МАКЕДОНИЈИ – РЕЛИКТ ДРЕВНИХ ОБРЕДНИХ ИГАРА


Резиме

У раду је представљен пресек теоријске и примењене грађе о русалијама као остатку древних ритуалних игара које су се практиковале на Балканском полуострву. Приказана је постојећа научна литература која дефинише русалије као ритуалне игре са хтонским карактером који се препознаје у: начину организације, реквизитима, табуима, односу према натприродном, поштовању култа природе и култу преминулих предака. Све ове карактеристике повезују русалије са шаманистичком праксом лечења и заштите од сила зла (у било ком облику). Улазећи у корелацију са сличним играма, које су део старих балканских традиција (Бугарска, Србија, Румунија, Грчка), македонске русалије су развиле своје специфичне особине. Анализирајући теренско истраживање (спроведено у селу Секирник) о томе како је данас у савременим условима некадашњи ритуал русалије наставио да живи у облику представе, долазимо до закључка да је само у селу Секирник (у југоисточном делу Македоније) русалиски обред још увек очуван и негује се. Русалски обред данас чувају и негују становници села Секирник, који су уз њега одрасли и он представља део групног идентитета села.



**Кључне речи**: Русалије, обредни ритуали, македонска народна традиција, Секирник, Струмица, Ђевђелија.

САВРЕМЕНА СРПСКА ФОЛКЛОРИСТИКА XIV

Тематски зборник радова

*Издавачи*

Удружење фолклориста Србије, Београд
Универзитетска библиотека „Светозар Марковић”, Београд
Педагошки факултет у Ужицу Универзитета у Крагујевцу, Ужице

*За издаваче*

Данијела Поповић Николић
Александар Јерков
Сања Маричић

*Лектура и коректура*

Александра Бјелић

*Превод резимеа на енглески језик*

Горица Томић

*Припрема за штампу*

Маријана Ресимић

*Штампа*

Ортачко друштво Павловић Александар и др. –
„Братис”, Ужице

*Тираж*

300 примерака

Београд – Ужице

CIP - Каталогизација у публикацији
Народна библиотека Србије, Београд

398(082)
82.09(082)

САВРЕМЕНА српска фолклористика 14 : тематски зборник радова / уредници Александра Бјелић, Немања Радуловић. - Београд : Удружење фолклориста Србије : Универзитетска библиотека "Светозар Марковић" ; Ужице : Педагошки факултет Универзитета у Крагујевцу, 2025 (Ужице : Братис). - 362 стр. : илустр. ; 24 cm

Према Уводној речи Међународна научна конференција Савремена српска фолклористика 14, одржана је 26. и 27. априла 2024. године на Педагошком факултету у Ужицу. - Радови на више језика. - Тираж 300. - Стр. 7-10: Уводна реч / Редништво. - Напомене и библиографске референце уз радове. - Библиографија уз сваки рад. - Резимеи на енгл. или срп. језику уз сваки рад.

ISBN 978-86-7301-226-1 (УБСМ)

1. Бјелић, Александра, 1987- [уредник] [аутор додатног текста] 2. Радуловић, Немања, 1978- [уредник] [аутор додатног текста]
а) Фолклористика - Зборници b) Фолклор - Зборници v) Књижевност - Зборници
COBISS.SR-ID 182728457